**Предлагачи : Група пратеници**

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ,**
**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

**Скопје, јули 2024 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 05. 07. 2024
Орг. един. / Njësia Org.: 08 | Број / Numer: 3389/1 | Прилог / Shtojca: | Вредност / Vlera:

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Ели Панова
Марија Митева
Драгана Бојковска
Дафина Стојаноска

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за контрола на предметите од скапоцени метали се уредува контрола на предметите од скапоцени метали, нивниот состав и содржина (финост), начинот на нивното испитување, жигосување, условите за пуштање во промет и надзорот.

Заради поефикасно функционирање на органите на државната управа и прилагодување на современите потреби во некои области, меѓу кои и во енергетиката, минералните суровини и рударството, се пристапи кон измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој се основаше ново Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

Надлежностите на ова министерство во системот на организацијата на органите на државната управа согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа се вршење на работите кои се однесуваат на:

- енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија,природен гас, нафта и деривати на нафта,топлотна енергија и термални води, како и други видови на енергија и нивна експлоатација;
- снабдувањето со енергија;
- спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од области на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост;
- стратегијата и политиката за енергетска безбедност;
- рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија;
- координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции;
- рударството, стратегија и политика за развој на рударството;
- експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси;
- геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини;
- изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;
- надзорот од негова надлежност и
- други работи утврдени со закон.

Заради конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на ова министерство утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24), потребно е законски интервенции односно усогласување на овие одредби со одредбите на постојни закони со кои се уредува ова област.

Дополнително обврска од членот 30 од овој закон наметна должност државните органи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на

законот да ги усогласат посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите и другите општи акти со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24) .

Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со органскиот закон за организација и работа на органите на државната управа се предлага измената и дополнувањето на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121 /24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Член 1

Во Законот за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“ број 23/95, 22/2007, 136/11, 164/13, 192/15, 53/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), во член 10 во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот 6 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот 11 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 2

Во член 13 во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 3

Во член 18 во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 4

Во член 20 ставот 4 се брише.

Член 5

Во член 23 во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 6

Во членот 27 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 7

Во член 29 во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 8

Во член 31-а во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 9

Во член 34-а во ставот 4 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”..

Член 10

Подзаконските акти донесени согласно со Законот за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“ број 23/95, 22/2007, 136/11, 164/13, 192/15, 53/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали содржи 11 члена.

Со членовите 1, 2, 3, 5, 6, 7, 8 и 9 се врши замена на зборовите министерство за економија со зборовите министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, со што се усогласува Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

Членот 4 се усогласува законот со измените и дополнувањата на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“ број 53/16) за да преставува правна целина.

Членот 10 уредува дека сите подзаконски акти донесени согласно со Законот за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“ број 23/95, 22/2007, 136/11, 164/13, 192/15, 53/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат до донесувањето на нови согласно одредбите на овој закон, односно најдоцна шест месеци од влегувањето во сила на законот.

Влегувањето во сила е уредено во членот 11.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ,**
**КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 10**

Министерот за економија ги пропишува техничките услови што производителот на предметите од скапоцени метали мора да ги исполни за добивање на знак на производителот.

За добивање на знак на производителот, правните лица доставуваат барање до Бирото.

Кон барањето од ставот (2) на овој член правното лице треба да ги достави следниве документи:

1) потврда за упис во Централен регистар;

2) доказ за просторна и техничка опременост и

3) доказ за исполнување на условите од од ставот 1 на овој член.

Овластеното службеното лице од Бирото кое ја води постапката за добивање на знак на производител по службена должност го прибавува доказот од ставот 3 точка 1) на овој член од надлежен јавен орган, во рок од три дена од приемот на барањето од ставот 2 на овој член.

Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 4 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член.

Формата и содржината на барањето од ставот 2 на овој член, ги пропишува министерот за економија.

Доколку производителот ги исполнува техничките услови од ставот 1 на овој член, Бирото во рок од 15 дена донесува решение за доделување знак на производителот.

Доколку производителот не ги исполнува услови од ставот 1 на овој член, Бирото во рок од 15 дена донесува решение за одбивање на барањето за добивање на знак на производител.

Против решението од ставот 9 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен.

Бирото води регистар на доделени знаци на производителот.

Формата, содржината како и начинот на водење на регистарот за доделување на знак на производителот ги пропишува министерот за економија.

**Член 13**

Испитувањето и жигосувањето на предмети од скапоцени метали го врши Бирото.

Начинот на испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали го пропишува министерот за економија.

**Член 18**

Испитувањето и жигосувањето на предметите од скапоцени метали се врши, по правило, во службените простории на Бирото.

По исклучок од ставот 1 на овој член, министерот за економија ќе ги пропише техничките услови под кои испитувањето и жигосувањето на предметите од скапоцени метали може да се врши надвор од службените простории на Бирото.

Барањето за испитувањето и жигосувањето на предметите од скапоцени метали го поднесува производителот или увозникот.

Ако Бирото по барање на производителот или увозникот утврди дека се

исполнети условите од ставот 2 на овој член, ќе донесе решение испитувањето и жигосувањето на предметите од скапоцени метали да се врши во работните простории на подносителот на барањето.

Бирото ќе донесе решение со кое ќе го укине решението издадено врз основа на ставот 3 на овој член, ако дополнително утврди дека работните простории и опремата за испитување и жигосување на предметите од скапоцени метали не ги исполнуваат условите од ставот 2 на овој член.

Против решението од ставот 5 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 20**

Ако Бирото со испитување утврди дека поднесениот предмет од скапоцен метал ја има финоста од член 7 на овој закон, ќе изврши жигосување на предметот.

Ако со испитувањето се утврди дека поднесениот предмет, го нема ни најнискиот степен на финост од член 7 на овој закон, Бирото ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за жигосување.

Против решението од ставот 2 на овој член може, во рок од осум дена од приемот на решението, да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бирото за метрологија преку кое се доставува жалбата од ставот 3 на овој член, е должно жалбата заедно со сите списи на предметот да ја достави до министерот за економија, во рок од пет работни дена од денот на приемот на жалбата, а министерот за економија да донесе одлука во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата со списите на предметот.

**Член 23**

Министерот за економија ја пропишува формата на жиговите за означување на степенот на финоста, формата на знакот на производителот и начинот на определување и обележување на степенот на финоста.

Министерот за економија ги пропишува техничките услови што во поглед на изработката мораат да ги исполнуваат предметите од скапоцени метали.

Министерот за економија во согласност со министерот за здравство го пропишува начинот на вршењето на контролата и степенот на финоста на златните полуфабрикати за забнопротетички предмети.

**Член 27**

Надзор над примената на Законот и на прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерство за економија.

**Член 29**

Овластените работници кои вршат надзор над исправноста и жигосаноста на предмети од скапоцени метали, мораат да имаат легитимација со која утврдува нивното службено својство и се должни да ја покажат ако тоа се бара од нив.

Министерот за економија донесува прописи за образецот и начинот на издавање на легитимацијата.

**Член 31-а**

(1) За прекршоците предвидени со членот 32 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд, согласно со Законот за прекршоците.

(2) За прекршоците предвидени со членот 33 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за економија, преку Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: прекршочен орган).

(3) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочниот орган од ставот (2) на овој член како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 34-а**

Државните пазарни инспектори се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 1 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 2 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.